**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 март 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто и втората седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Имам особена чест и задоволство од името на Собранието на Република Македонија и од свое лично име да го поздравам меѓу нас претседателот на Народното собрание на Република Бугарија, господин Георги Пирински и неговите колеги пратеници од Народното собрание на Република Бугарија.

(Аплауз)

Се извинувам за лапсузот многу е во мода сега кај нас Република Македонија да се каже.

Почитуван претседателе на Народното собрание на Република Бугарија, господин Георги Пирински ве повикувам да се обратите на Собранието на Република Македонија.

Повелете.

**Георги Пирински:** Почитуван господин претседател на Собранието, почитувани господа и госпоѓи, ваши екселенции, дами и господа.

За мене е посебна чест што имам можност да се обратам пред Собранието на Република Македонија, институција која е носител на највисоката законодавна власт пред вас, претставниците на граѓаните на републиката, пратени овде како резултат на слободните избори.

Заедно со високата привилегија која таа можност ја претставува, тоа значи не помала одговорност бидејќи ние парламентарците сме непосредно одговорни пред нашите избирачи пред дејствијата на одлуките, за позициите и насоките кои ги формулираме. Сите ние со вас добро знаеме дека оваа наша одговорност денес многу пати е поголема бидејќи е поврзана со големи идни последици. Тоа е така бидејќи регионот на Балканот, во срцето на кое се наоѓаат нашите две земји денес повторно се исправени пред еден важен избор, стабилност, безбедност и соработка или дестабилизација. Никој нема право да ја потценува оваа сериозност на предизвиците, реалните опасности за одделување на посебни територии и нови огништа на конфликти. Навистина декларацијата на асамблејата на Косово за прогласување на независност неочекувано, но за жал таа се случи како резултат на еднострано решение после големите усилби од тројката на Европската унија, САД и Руската федерација не дојдоа до некоја спогоба. Сега гледаме дека има тендензија за разграничување на овие земји во Советот за безбедност на Обединетите нации. Овие тенденции се продлабочуваат во време кога независно од оваа релативна стабилизација и демократските процеси, правила за изградување на институциите за организација на општествата во реонот на Западниот Балкан сеуште се недоволно силни. Тие сеуште не обезбедуваат гаранции кои ќе можат да ги неутрализираат ризиците од нови кризни развои.

Пред нас со цела сериозност се појавува прашањето кој е вистинскиот начин, врз основа на какви принципи и критериуми треба да ги бараме оние решенија кои нудат позитивна перспектива за нашите земји и за регионот во целина.

Важна предност во моментот како сегашниот имаат императивните барања на највисоките интереси, националната безбедност што е одговорност на секоја земја. Но, за нас треба да биде многу јасно дека и вчера и денес националните интереси, безбедноста на граѓаните и на државите не можат да се штитат успешно со изолација, со вртење на грб на процесите на регионална соработка и општо европска интеграција.

Без сомнение во денешните услови да се најде потребната формула за гарантирање на сопствена безбедност и интереси заедно со оние на соседите и на заедницата кон која се стремиме е задача, најсложена задача, но токму затоа одговорноста на политичарите и на пратениците, општествените структури и медиумите сега е многу важна.

Република Бугарија како демократска и правна држава во изминатите години развива и ги продлабочува точно овие политики како најдобар начин за заштита на најважните интереси на нашите граѓани.

Од вакви позиции се стремам да го дадеме својот придонес за заеднички развој на земјите од регионот на Југоисточна Европа како корист и перспектива што исклучува вооружени конфликти како начин на решавање на спорови кои ги утврдуваат можностите за достоинствен живот на денешните и на идните генерации за добро и за разбирање.

Тоа за нас значи пред се напори за претворање на уставните норми за демократски политички живот, за владеење на законите, за ангажирање на социјална држава во реална, секојдневна пракса. Рамносметката која ја правиме оваа година кога прославуваме 130 години од преродбата на Бугарија и 100 години од прогласување на нејзината независност покажува

денес дека Бугарија се развива стабилно и брзо, независно од големите потешкотии и нерешени проблеми.

Без сомнение фактот од најважно значење во овој однос е членството на Бугарија во Европската унија и НАТО. Полноправното учество во овие организации повеќе пати ја зголеми можноста за добри инвестиции во бугарската економија, отвори нови хоризонти за секој бугарски граѓанин, обезбеди гаранции за безбедност врз просперитетот на нашата земја на долг рок.

Патот кон денешниот статус на Бугарија не беше ни краток ни лесен. Од сите политички сили, од целото општество се бара да се продолжува со многу потребните усилби, континуираност во спроведување на промените, чувство за заедничка одговорност пред интересите на земјата за постигнување нова состојба на економијата на управувањето и надворешните односи и тоа да одговара на барањата и критериумите за полноправно и одговорно членство.

Истовремено членството на Бугарија во Европската унија и во НАТО е взаемно со активното развивање на повеќестрани односи со стратешки партнери од Евро-Азија посебно со Руската федерација.

Големи долгорочни спогодби за изградување нуклеарка, за правење на нови нафтоводи и гасоводи се многу бажни за Бугарија, но исто така се од интерес за европските земји, но исто така и од гледна точка на трансевропските енергетски перспективи.

Како природно продолжување на политиката на европска и евроатланска интеграција отворена кон соработка во различни правци Бугарија активно се ангажира во развојот на мултилатералната соработка во нашиот регион.

Процесот на соработка во Југоисточна Европа, единствена иницијатива разработена и реализирана од самите земји во регионот и со старт на министерската средба во Софија пред 12 години денес добива признание како автентичен глас на регионот врз база кој е во состојба да ја прифати одговорноста за продолжување на процесите на демократизација и стабилизација и интеграција, израз на ново признавање на трансформација на Пактот за стабилност во Советот за регионална соработка базиран на дејностите по линија на процесот за соработка во кој денес полноправно учествуваат сите земји од регионот.

Би сакал специјално да обрнам внимание кон овој факт бидејќи денес според мене има многу важно значење.

Станува збор за можноста која оваа трансформација ја дава, овој пат самите земји од нашиот регион да имаат за цел да разгледуваат план, стратегија за долгорочна стабилизација и безбедност која ќе одговара на важните интереси на секоја од земјите. Се разбира сличен план би имал шанса за успех само ако е тесно поврзан со приоритетите на Европската унија, ако е во согласност со позициите на другите стратешки партнери на нашите земји.

Свој дел во формирање и способност за таква работа треба да изиграат и парламентите на земјите учеснички.

Прв чекор може да стане идната, следна конференција на претседателите на парламентите во регионот која ќе се одржи во Софија во средината на следниот месец, април месец. Таму претстои да се потпише усогласување на меморандум за разбирање на интерпарламентарна соработка во Југоисточна Европа која ќе дефинира статус и дејност на Секретаријатот кој треба да послужи на меѓупарламентарната соработка во рамка за работа во сите правци.

Не е потребно да ви кажувам колку е важен и значаен овој потфат, кој во пракса значи да ја земеме одговорноста за нашата судбина во свои раце бидејќи сега има зафати за стабилноста и безбедноста во регионот. Тој квалитетен нов придонес кон усилбите да влегуваме во нов циклус на стабилност.

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа.

Билатералните односи помеѓу Република Бугарија и Република Македонија денес изразуваат истовремено како и непосредните интереси, актуелни прашања како во билатерален план така и во целата специфика и сложеност на регионалните и европските процеси и предизвици.

Би сакал да го потврдам пак од оваа висока трибина дека волјата на Бугарија да продолжи напред со усилби, да развива соработка за која веќе повеќе од 15 години даваме докази.

Принцип на позиција на Бугарија е дека факторот способни да доведат до трајна стабилизација на земјите од Западниот Балкан, исто така и на Република Македонија се европската и евроатланската перспектива. Израз на оваа позиција се не само потпишаните и склучени со вашата земја меморандуми за европска и евроатланска интеграција.

На средбата на врвот на НАТО во Рига кон крајот на 2006 година Бугарија категорично се застапи за донесување на одлуки со кои се отворија практични можности за приклучување на нови членки меѓу кои е и Република Македонија.

После помалку од месец дена на средбата во Букурешт НАТО може да се зголеми со три нови членки. Нема сомнение дека поканата за членство е резултат на тоа доколку земјите кандидати се во состојба да ги постигнат стандардите и критериумите што се прифатени, кои заедно со внатрешните реформи значат и одржување и развивање на долготрајните и добрососедски односи. Затоа сега е многу потребно да не се дозволи никакво отстапување од овие договори меѓу нашите две земји кои ги ... билатералната соработка и се основа за успешен развој, развој веќе 10 години.

За извршување на овие одговорности сега е многу важно да прекинеме со стереотипите од минатото, со рецитирање на пропагандата преккy зборување со омраза што понекогаш се случува и во некои изјави кои и со десетици години ја подриваат атмосферата на почитување.

Многу важно и значајно е за двете земји за регионот е реализирањето на железницата што ги поврзува Јадранско Море со Црноморскиот регион. Завршувањето што повеќе време се одложува овој проект, не дава шанси на економијата, добри шанси за прогрес и води до изостанување на проектите што се поврзани со трансевропските мрежи.

Господин претседател, дами и господа,

Во денешниот момент нашите два парламенти се исправени пред заедничкиот предизвик решително да помогнат како и за билатералниот развој на односите меѓу Република Бугарија и Република Македонија, така и за европската перспектива на сите земји од Југоисточна Европа. Дојдено е времето да ги зајакнеме врските меѓу групите за пријателство, да организираме чести контакти и седници на комисиите, а исто така и на двата парламента. Со заеднички напори да дадеме реален придонес во корист на стабилноста и безбедноста кои се така потребни и барања од нашите граѓани кои ни ја даваат оваа голема одговорност.

Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Почитуван претседателе на Народното собрание на Република Бугарија, господин Георги Пирински, ви благодарам за вашето обраќање.

Ја заклучувам 102-та седница на Собранието на Република Македонија.

По прекинот за пререгистрација, на знак на звончето ќе започнеме со 100-та седница.

Благодарам.

(Седницата заврши со работа во 11,40 часот)